Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 15 точка 3 и 5 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр.10/2005, 17/2008, 08/19, 14/20 и 19/20), Општина Битола објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

за учество во организација и реализација на културни и туристичко промотивни активности во пресрет на новогодишните празници и збогатување на понудата на јавни содржини во општина Битола по повод дочекот на **Новата 2025 година - Зимска приказна**

1. Целта на овој јавен повик е избор на субјекти кои ќе учествуваат во организација и реализација на културни активности во пресрет на новогодишните празници и збогатување на понудата на јавни содржини во општина Битола по повод дочекот на Новата 2025 година.

2. Право да аплицираат на јавниот повик имаат сите домашни правни и физички лица кои работат во областа на културата и културниот туризам, со достава на апликација и изјава за согласност (дадени во прилог на овој повик) потпишани со печат и скенирани електронски на е-маил адреса zimskaprikazna@bitola.gov.mk или во архива на Општина Битола шалтер бр.3 ( работно време од 7:30 до 15:30 ч)

3. Изборот на настаните ќе го изврши Комисија за селекција и евалуација формирана од Градоначалникот, задржувајќи го правото да направи распоред на настаните, врз основа на следните критериуми:

- *Претходно искуство во учество на настани од ист или сроден вид (проекти со континуитет)*

- *Квалитет, јасност, аргументираност и иновативност на предложените проекти;*

- *Професионално елаборирани проекти од домашни и странски уметници со детално наведена програма;*

- *Степен на влијание на проектот/настанот врз квалитетот на животот на локалната заедница со образложение за целната група кон која се ориентирани;*

- *Нови професионални методологии со акцент на задолжителни активности со експерти во рамките на предложените проекти;*

- *Прифаќање на млади автори со ветувачки капацитети и нови визии кои навестуваат понагласен творечки потенцијал;*

- *Професионална екипираност, капацитети и можности за реализација на настаните;*

*- Максимално искористување на вложените средства на проектите, прикажување на проектите на локации кои ќе го зголемат бројот на консументите;*

*- Кооперативност со други општествени сегменти (производство, образование, екологија...)*

*- Иновативни идеи со примена на можностите на современата технологија во функција на туристичка промоција*

Комисијата има право заради збогатување на програмата да ангажира и дополнителни изведувачи надвор од јавниот повик.

Одобрените финансиски средства на апликантот чиј проект/настан ќе биде одобрен, ќе бидат исплатени после реализацијата на проектот/настан и доставен наративен и финансиски извештај (даден во прилог на овој повик) најкасно до 15.02.2025.

4. Настаните ќе се реализираат во периодот **од 20.12.2024 до 06.01.2025 година**.

5. Подетални информации можат да се добијат на телефонскиот број 047-208-347.

6. Крајниот рок за доставување на апликациите е **28 ноември 2024 ( четврток) на е-маил до 23:59 часот или физички до 15:30 ч.**

Бр. 08 -1182/2

22.11.2024 год.

ОПШТИНА БИТОЛА